# Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ПРЕДМЕТОТ

***ФИНАНСИСКА И АКТУАРСКА МАТЕМАТИКА***

НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ- ПРИЛЕП

Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Прилеп, на седницата одржана на 28.05.2010 год., именува Рецензентска комисија во состав:

1. д-р Коста Сотироски - редовен професор на Економскиот факултет-Прилеп;
2. д-р Лазар Стојаноски - редовен професор на Економскиот факултет- Прилеп; и
3. д-р Гордана Трајкоска - редовен професор на Економскиот факултет-Прилеп

за избор на наставник по предметот финансиска и актуарска математика.

По разгледувањето на доставените материјали, Комисијата го поднесува следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот конкурс, објавен во "Утрински весник" од 13.05.2010 год., за избор на наставник по предметот финансиска и актуарска математика, во рокот се пријави само кандидатката, д-р Маргарита Јанеска, вонреден професор на истиот предмет на Економскиот факултет во Прилеп.

Врз основа на чл. 140 ст.2 од Законот за високото образование и чл. 109 од Статутот на Економскиот факултет-Прилеп и условите за конкурирање, што беа наведени во распишаниот конкурс, Рецензентската комисија ја разгледа пријавата, со сите потребни прилози, поднесена од кандидатот, д-р Маргарита Јанеска.

### 1. Биографски податоци

Кандидатката, Маргарита Јанеска, е родена на 17.01.1966 година во Прилеп. Основно училиште и гимназија завршува во родниот град, со одличен успех. Во учебната 1984/85 година се запишува на Економски факултет во Прилеп, како редовен студент на економско-статистичко-кибернетската насока. Истиот го завршува во 1988 година, со просечен успех 9.05. На 01.12.1989 година се вработува во Економскиот факултет во Прилеп, како помлад асистент по предметот математика за економисти. Во учебната 1989/1990 година се запишува на постдипломските студии на Економскиот факултет во Прилеп на насоката Управување со економските процеси и успешно ги завршува, со просечна оценка 9.40. На 26.06.1995 година го одбранува магистерскиот труд на тема:"Фактори што влијаат врз определувањето на оптималната големина и бројот на

серии во процесот на производство", со што се стекнува со академски степен магистер на економски науки.

Од 21.11.1995 година до 31.03.2000 година работи како соработник на Економскиот факултет во Прилеп по предметот математика за економисти.

Во текот на целиот работен период таа покажува чувство на одговорност во работата како асистент, а подоцна и како професор, што се потврдуваше преку редовното одржување вежби, организирање и присуство на испити, настава, консултации со студентите и сл.

Во текот на работењето, покрај извршувањето на задачите од наставен карактер, таа покажува особен интерес и за научната дејност.

Во февруари 1996 година М. Јанеска пријавува докторска дисертација на тема:"Проблемот на оптимална серија во процесот на управување со сериското производство како фактор за економичност и флексибилност на индустриските претпријатија" и истата ја одбранува во септември 1999 година. Со одлука на Наставно-научниот совет на ЕФ-Прилеп од 17.02.2000 год. таа е избрана за наставник на Економскиот факултет во Прилеп по предметот проектирање на информациони системи, во звање доцент. Од 01.10.2003 година предметот проектирање на информациони системи се деноминира во менаџмент информациони системи. Таа е член во Комисијата за изведување на испитот и изведување комисиски испити по предметот АОП од 05.07.2001 година. Врз основа на одлуката од Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и угостителство - Охрид беше ангажирана како наставник по предметот менаџмент информациони системи во учебната 2002/2003 година. Со одлука бр. 02-1598/2 од 21.10.2004 год. е избрана во вонреден професор по предметот менаџмент информациони системи. Од 24.11.2004 год. кандидатката е прв член во Комисијата за спроведување на испитот по предметот линеарна алгебра и теорија на веројатност, а оттогаш до крајот на учебната 2004/05 год. учествува во одржувањето предавања по истиот предмет. Со одлука бр. 02-2152/2 од 28.12.2004 год. М. Јанеска е избрана за наставник по предметот математика за економисти во звање вонреден професор, а во 2005 год. е избрана за наставник по предметот финансиска и актуарска математика, исто така, во звање вонреден професор.

Со одлука на Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Климент Охридски"-Битола, бр. 07-1213/6-1 од 26.08.2009 год., кандидатката е избрана за наставник по предметот математика за економисти во звање редовен професор, а со одлука на Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Климент Охридски"-Битола, бр. 07-1213/6-2 од 26.08.2009 год., е избрана за наставник по предметот менаџмент информациони системи, во звање редовен професор.

Покрај редовните наставни обврски таа врши и други општествени функции.

## 2. Наставно-научна и стручна активност

Во досегашниот период професор д-р Маргарита Јанеска е вклучена во научната и стручната дејност на Економскиот факултет во Прилеп, а е ангажирана и во извршувањето на повеќе наставни и научноистражувачки активности. Како асистент, а подоцна како доцент и професор таа успешно ги извршува поставените задачи во врска со изведувањето

вежби и настава по предметот на којшто е избрана. Покрај тоа, таа покажува особен интерес за перманентно научно и стручно усовршување, што се потврдува и со објавените трудови од коишто ги наведуваме оние што се објавени по изборот на кандидатката во доцент:

## СПИСОК НА НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ

**(по изборот во звање доцент)**

**I Партиципација на меѓународни конференции**

1. "The use of the matrix algebra in solving the problems of the intersectoral analisys", во коавторство со доц. д-р Сузана Талеска, Second Conference on Numerical Analysis and Applications, 11-15 јуни 2000, Универзитет во Русе, Русе, Бугарија;
2. "Mathematical models for determination of optimum series in industrial enterprises with serial production", во коавторство со доц. д-р Сузана Талеска, Siberian Conference on Discrete Analysis and Operations Research, DAOR'2000, јуни 2000, Новосибирск, Русија;
3. "Analisys of the local stability with a linearization of the non-linear differential equations' system", во коавторство со доц. д-р Сузана Талеска, International Conference on Complex Analysis, Differential Equations and related topics, мај 2000, Уфа, Русија;
4. "Optimization of linear dynamic systems with automatically controleed", во коавторство со доц. д-р Сузана Талеска, јуни 2000, The 3rd International Conference/Workshop on automatic Differentiation From Simulation to Optimization, AD 2000, Ница, Франција;
5. "Менаџмент контролата во функција на квалитетот на информационите системи" во коавторство со доц. д-р Сузана Талеска, Меѓународна конференција "Економските аспекти на управувањето со квалитетот", Економски факултет, Скопје, 15-16 ноември 2000 год.;
6. "Примената на Меѓународните сметководствени стандарди во функција на квалитетот на финансиското известување во претпријатијата на Република Македонија", во коавторство со доц. д-р Сузана Талеска, Меѓународна конференција "Економските аспекти на управувањето со квалитетот", Економски факултет, Скопје, ноември 2000 год.;
7. "Information Systems For Strategic Advantage", во коавторство со м-р Гоце Менкиноски и д-р Сузана Талеска, Scientific Conference "The Economy at the Beginning of the Millennium", Орадеа, Романија, 11-12 мај 2001 год.;
8. "Accounting Informative System In Function Of Management Enterprises", во коавторство со м-р Гоце Менкиноски и д-р Сузана Талеска, Scientific Conference "The Economy at the Beginning of the Millennium", Орадеа, Романија, 11-12 мај 2001 год.;
9. "The Enterprise Strategy In Function Of Function Of The Marketing Environment", во коавторство со м-р Гоце Менкиноски и д-р Сузана Талеска, Scientific Conference "The Economy at the Beginning of the Millennium", Орадеа, Романија, 11-12 мај 2001 год.;
10. "Системите за поддршка на одлучувањето во функција на менаџментот", во коавторство со м-р Гоце Менкиноски и д-р Сузана Талеска, Втора годишна конференција "Современи трендови и тенденции во менаџментот и нивна практична примена", Македонска асоцијација за менаџмент, Скопје, 6 јуни 2001 година;
11. "Природа и значење на стратешкото планирање",во коавторство со м-р Гоце Менкиноси и д-р Сузана Талеска, Втора Годишна конференција "Современи трендови и

тенденции во менаџментот и нивна практична примена", Македонска асоцијација за менаџмент, Скопје, 6 јуни 2001 година;

12. "Стратегија на претпријатието", во коавторство со м-р Гоце Менкиноски и д-р Сузана Талеска, Втора годишна конференција "Современи трендови и тенденции во менаџментот и нивна практична примена", Македонска асоцијација за менаџмент, Скопје, 6 јуни 2001 година;

13. "Развојот на претпријатијата во услови на промена на старата техно-економска во нова информациско-технолошка парадигма", во коавторство со д-р Димко Кокароски, Варна, Р. Бугарија, 19- 20 април 2001 година;

14. "Банкарски портфель, управување со ризиците и инструменти за заштита од ризиците во банките", во коавторство со д-р Димко Кокароски, Варна, Р. Бугарија, 19- 20 април 2001 година;

15. "Поим, причина и карактеристики на развојната политика", во коавторство со м-р Гоце Менкиноски и д-р Сузана Талеска, Годишна конференција на тема "Континуирано подобрување на процесите", во организација на МАЗУК, 8-9 ноември 2001 година;

16. "Концептот на бенчмаркингот во функција на подобрување на процесите", во коавторство со м-р Гоце Менкиноски и д-р Сузана Талеска, Годишна конференција на тема "Континуирано подобрување на процесите", во организација на МАЗУК, 8-9 ноември 2001 година;

17. "Избор на стратегија за определување на информациските потреби во функција на TQM", во коавторство со м-р Гоце Менкиноски и д-р Сузана Талеска, Годишна конференција на тема "Континуирано подобрување на процесите", во организација на МАЗУК, 8- 9 ноември 2001 година;

18. "Мерење на големината на туризмот и неговото учество во економијата", во коавторство со д-р Сузана Талеска, 3. Меѓународна конференција на тема "Мултипликативни ефекти на развојот на туризмот", Охрид, октомври 2001 година;

19. "Валидација на моделите во функција на квалитетот на симулацијата и моделирањето при донесувањето деловни одлуки",во коавторство со д-р Сузана Талеска, Меѓународната конференција:"Статистиката во функција на креирање на економската политика и економскиот развој на регионот на Југоисточна Европа", Скопје, 29-31 октомври 2001;

20. " Финансиските извештаи - информациска база за донесување деловни одлуки", во коавторство со д-р Сузана Талеска, Меѓународната конференција:"Статистиката во функција на креирање на економската политика и економскиот развој на регионот на Југоисточна Европа", Скопје, 29-31 октомври 2001;

21. " Revision of Information Systems in the Function of the Quality of the Information Technology" во коавторство со д-р Коста Сотироски, 13th National Conference with International Participation "Quality – for Better Life' 2002", 11-12 ноември 2002, Софија, Р. Бугарија;

22. "Улогата на информациската технологија во остварувањето на конкурентска предност на претпријатијата", Годишна конференција на тема "Нови времиња, нови квалитети, нови хоризонти", во организација на МАЗУК, 14-15 ноември 2002, Охрид;

23. "Models for evaluation of information system effectiveness", во коавторство со д-р Коста Сотироски, XIV меѓународна конференција за квалитетот "Качеството за подобар живот", во организација на Сојузот на специјалистите за квалитет во Р. Бугарија, Софија, октомври 2003 год.;

24. "Интернет - покретач пословања модерних компанија у условима глобализације", во коавторство со д-р Коста Сотироски, Научна конференција на тема "Глобализациски предизвици", Економски факултет, Ниш, октомври 2003 год.;
25. "Електронско пословање - радикална промена пословања и темељ пословног успеха", во коавторство со д-р Коста Сотироски, Научна конференција на тема "Предизвиците на менаџментот во новите услови", Ниш, октомври, 2004 год.;
26. "Знаењето и интелектуалниот капитал - двигатели на развојот", во коавторство со д-р Коста Сотироски, МАЗУК, Охрид, мај 2004 год.;
27. "Пословни модели електронског пословања", во коавторство со проф. д-р Коста Сотироски, Меѓународна конференција "Интеграционите процеси во Европа", Ниш, октомври, 2005;
28. "Концептуална рамка и анализа на бизнис моделите на електронското работење", во коавторство со Марјан Ангелески, Меѓународна научна конференција "Предизвиците на новата економија", во организација на Економскиот факултет, Прилеп, 14-16 октомври, Охрид, 2005 год.;
29. „Примена пословне интелегенције у осигурителне компаније", Мајска конференција о стратегијском менаџменту, Бор, јуни 2006, во коавторство со м-р Марјан Ангелески и проф. д-р Коста Сотироски;

30. „Kreiranje vrednosti u e-biznis organizacijama", III konverencija o strategijskom menadzmentu, Jagodina, јуни 2007, во коавторство со проф. д-р Коста Сотироски и м-р Марјан Ангелески;

31. „Индикатори што влијаат врз е-подготвеноста на компаниите во Република Македонија", Меѓународната конференција на тема "Бизнисот и глобализацијата", Охрид, 2007, во коавторство со м-р Марјан Ангелески и проф. д-р Коста Сотироски;

32. „Анализа на индексот на дигитални можности (DOI) и индексот на ИКТ можности (ICT-OI) во балканските држави", Меѓународната конференција на тема "Бизнисот и глобализацијата", Охрид, 2007, во коавторство со м-р Марјан Ангелески и проф. д-р Коста Сотироски;

33. "Internet statistics in function of business", International Conferences BUSIONESS AND GLOBALIZATION , во коавторство со проф. д-р Коста Сотироски, Зборник на апстракти, Охрид, 19-20 октомври 2007.

## II Партиципација на меѓународни симпозиуми, советувања и семинари

1. "Влијанието на квалитетот на информационите системи врз квалитетот на практичниот менаџмент", во коавторство со доц. д-р Сузана Талеска, советување во организација на МАЗУК - Скопје на тема "Со деловна совршеност кон меѓународна конкурентност", 10-11 ноември 2000 год, Скопје;
2. Квалитетот на финансиските извештаи - современа информациска основа за управување со претпријатијата, во коавторство со доц. д-р Сузана Талеска, Меѓународно советување во организација на МАЗУК – Скопје на тема "Со деловна совршеност кон меѓународна конкурентност", 10-11 ноември 2000 год, Скопје;
3. "Информациониот систем - предуслов за зголемување на развојните тенденции на претпријатијата", во коавторство со проф. д-р Борис Мирчески, Меѓународен симпозиум

на Економскиот факултет – Прилеп, "Современите процеси на економскиот развој во земјите од Југоисточна Европа", Молика, 6-7 декември 2000 год.;

4. "Развој на информациски ресурси и стратегија за конкурентска предност на компаниите", едукативен семинар на тема "Младите менаџери импулс "сила" за идниот развој на Република Македонија", Економски факултет - Прилеп,15, 16, 17 мај 2001 година;

5. "Чиниоци кóју утичу на избор начина уласка на интернационална тржишта", Меѓунардно советување на тема: "Глобализација и транзициони процеси", Ниш, 18 октомври 2001 година;

6. "Анализа финансијских извештаја у функцији ефикасног управљања менаџментом у трговинским друштвима", Меѓунардно советување на тема: "Глобализација и транзициони процеси", Ниш, 18 октомври 2001 година;

7. "Стратегија развоја компанија помоћу споја КФУ-КРУ", Меѓунардно советување на тема: "Глобализација и транзициони процеси", Ниш, 18 октомври 2001 година;

8. "Информациона технологија - извор савремених путева банкарског пословања", во коавторство со д-р Коста Сотироски, Седми научен меѓународен симпозиум, СМ 2002, "Стратегијски менаџмент у банкарству", во организација на Економски факултет - Суботица, Палиќ, 30-31 мај 2002 год.;

9. "Информациската технологија - носител на глобализациските процеси", Меѓународен симпозиум "Регионалната соработка и економскиот развој" во организација на Економскиот факултет - Прилеп, Охрид, јуни 2003 год.;

10. "Рачунарска подршка процеса доношења одлука у стратегијско управљање", во коавторство со проф. д-р Коста Сотироски, Осми научен меѓународен симпозиум, СМ 2003, "Стратегијско управљање у новој ("network") економији: организација и њено окружење", во организација на Економски факултет - Суботица, Палиќ, мај 2003 год.;

11. "Дата мининг - пут ка конкурентности", во коавторство со проф. д-р Коста Сотироски, X меѓународен симпозиум СМ 2005 "Стратегијски менаџмент и системи подршке одлучивања у стратегијском менаџменту" , Суботица, 2005;

12. "Администрација статистичких база података, во коавторство со проф. д-р Коста Сотироски, X меѓународен симпозиум СМ 2005 "Стратегијски менаџмент и системи подршке одлучивања у стратегијском менаџменту", Суботица, 2005;

13. „Novi poslovni modeli elektronskog poslovanja – ključ uspjeha modernih kompanija", 10th international symposium "Organization and management changes-challenges of european integrations", Zlatibor, 7-10 јуни 2006., во коавторство со м-р Марјан Ангелески и проф. д-р Коста Сотироски;

14. „Пословна интелигенција-кључан чинилац у остварењу конкурентности осигурителне компаније, 11. Интернационални научни скуп, СМ 2006, „Оцењивање и мерење потенцијала и остварења организације у контексту стратегијског менаџмента", во организација на Економски факултет-Суботица, Палић, 25-26 мај 2006 год., во коавторство со проф. д-р Коста Сотироски и м-р Марјан Ангелески;

15. „Promene u demografskoj strukturi i prirodna kretanja stanovništva u Republici Makedoniji", XI naučni skup "Strukturne promene i demografska kretanja zemalja Južne Evrope", Niš, 29 јуни 2006 g., во коавторство со проф. д-р Коста Сотироски и м-р Марјан Ангелески;

16. „Prepoznavanje nove vrednosti u e-snabdevačkim lancem“, The third Serbian symposium with nternational participation transport and logistics, Ni{, мај 2008, во коавторство со проф. д-р Коста Сотироски и м-р Марјан Ангелески;

17. „E-upravljanje snabdevačkim lancem u funkciji dobijanja nove vrednosti“, XIII internacionalni naučni skup, "Strategijski menadžment i sistemi podrške odlučivanju u strategijskom menadžmentu", Subotica, мај 2008, во коавторство со проф. д-р Коста Сотироски и м-р Марјан Ангелески;

18. „Системи подршке одлучивања у управљању са перформансима производње“, XIV интернационални научни скуп SM 2009, "Strategijski menadžment i sistemi podrške odlučivanju u strategijskom menadžmentu", Subotica, мај 2009, во коавторство со проф. д-р Коста Сотироски и м-р Марјан Ангелески;

19. „Мјерење е-бизнис стратешке перформансе“, XIV internacionalni naučni skup, "Strategijski menadžment i sistemi podrške odlučivanju u strategijskom menadžmentu", Subotica, мај 2009, во коавторство со проф. д-р Коста Сотироски и м-р Марјан Ангелески.

**III Објавени трудови во годишници**

1. "Сметководствениот информационен систем во функција на управувањето со претпријатието", во коавторство со доц. д-р Сузана Талеска, Годишник на Друштвото за наука и уметност - Прилеп, 2000 год.;
2. "Менаџмент информациониот систем - фактор за успешно работење", Годишник на ДНУ - Прилеп, 2002 год.;
3. "Ревизија во процесот на развој на информацискиот систем", Годишник на Економскиот факултет - Прилеп, 2002 год.;
4. "Реинженерингот на деловните процеси - фактор за стекнување на конкурентска предност", Годишник на ДНУ - Прилеп, 2003;
5. "Информациските системи - инфраструктура на интерорганизациската соработка", Годишник на Економскиот факултет - Прилеп, 2003 год.;
6. "Некои карактеристики на новата-информациска економија, во коавторство со Марјан Ангелески, Годишник на Економскиот факултет - Прилеп, 2004/05 год.;
7. „Microsoft excel во функција what if анализа при имплементација на системите за поддршка во одлучувањето“, во коавторство со м-р Марјан Ангелески и проф. д-р Коста Сотироски, Годишник на Економски факултет – Прилеп, 2005.

**IV Објавени трудови во списанија**

1. "Стратегиски менаџмент информационен систем - пресуден фактор за стекнување конкурентска предност", во коавторство со доц. д-р Сузана Талеска, Економски магазин, Скопје, бр.181, 15 ноември 2000 год.;
2. "Неминовен процес на транзиција", во коавторство со доц. д-р Сузана Талеска, Економски магазин, Скопје, бр. 178, 01 октомври 2000 год.;

3. "Системите за поддршка на одлучувањето во функција на менаџментот", Македонски менаџмент преглед, списание на Македонската асоцијација за менаџмент, вол. 1, бр.1, 2001;
4. " Интернет-добра прилика и за најмалите банки", во коавторство со доц. д-р Коста Сотироски, Економски магазин, Скопје, 2002;
5. "Еден модел за успешен стратегиски развој",во коавторство со проф. д-р Коста Сотироски, Научно списание бр. 1, Универзитет "Св. Климент Охридски", Битола, април 2005 год.;
6. "Нов избор на апликативен софтвер за статистичка анализа, во коавторство со проф. д-р Коста Сотироски, Научно списание бр. 1, Универзитет "Св. Климент Охридски", Битола, април 2005 год.;
7. „Статистички извештаји у функцији процеса пословног одлучивања",International Journal of Strategic Mangement, 4/2006, во коавторство со проф. д-р Коста Сотироски;
8. „Aktuarska uloga u upravljanju sa rizikom prilikom osiguranja života u osiguravajućim kompanijama", XII internacionalni naučni skup, Subotica, 2007, во коавторство со проф. д-р Коста Сотироски и м-р Марјан Ангелески. Трудот е селектиран во изборот на трудови објавени во списанието од конференцијата "International Journal of Strategic Mangement and Decision Support System in Strategic Management", vol. 3-4/2007, pp. 88-91.;

9. Risk-based analysis of electronic banking, XII internacionalni naučni skup, Subotica, 2007, во коавторство со м-р Оливера Костоска и м-р Марјан Ангелески. Трудот е селектиран во изборот на трудови објавени во списанието од конференцијата "International Journal of Strategic Mangement and Decision Support System in Strategic Management", vol. 3-4/2007, pp. 74-76.

**V Учество во меѓународни проекти:**

1. **RWCT** (проект за критичко мислење), во организација на Институт отворено општество Македонија, 2001-2002.
2. **CEP** (проект за редизајнирање на наставните планови), во организација на Институт отворено општество Македониа, 2002.
3. **Tempus JEP 15041/2000** (проект за Европска интеграција на високото образование).
4. **TEMPUS Joint European Project 41077 2006 JOINT MASTER FOR SOUTH-EAST EUROPE IN ECONOMICS AND MANAGEMENT SCIENCE PROGRAM** (проект за организирање заеднички последипломски студии)

**VI Учебници, учебни помагала:**

1. Менаџмент информациски системи, Економски факултет, Прилеп, 2004 год.
2. Збирка задачи по математика за економисти, во коавторство со м-р Марјан Ангелески, Економски факултет, Прилеп, 2007 год.
3. Финансиска и актуарска математика-збирка решени задачи, во коавторство со м-р Марјан Ангелески, Економски факултет, Прилеп, 2009 год.

**Останати активности на М. Јанеска се:**

- член на Комисијата за евалуација на Економскиот факултет во Прилеп,

- наставник на последипломските студии Управување со економските процеси по предметот економски информациони системи,
- раководител на втор циклус студии,
- наставник на последипломските студии по Бизнис администрација-МБА менаџмент, по предметот менаџмент информативни системи,
- наставник на втор циклус студии по предметот проектен менаџмент,
- наставник на втор циклус студии по предметот организациски менаџмент,
- член на Друштвото за наука и уметност-Прилеп,
- член на Сенатот при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ Битола,
- претседател на Комисијата за јавни набавки на ЕФ-Прилеп.

Анализирајќи ги трудовите на кандидатката, професор д-р Маргарита Јанеска, Комисијата во оваа прилика може да ги истакне трудовите „Збирка решени задачи по математика за економисти“ и „Финансиска и актуарска математика-збирка решени задачи“, како учебни помагала по предметот финансиска и актуарска математика.

Учебното помагало „Збирка решени задачи по математика за економисти“ ги има сите атрибути на универзитетски учебник и го опфаќа материјалот што е предвиден со наставниот план и програма за предметот математика за економисти, што авторот го предава во прва година на сите насоки, како задолжителен предмет на Економскиот факултет во Прилеп, а за којшто конкурира. Рецензенти на збирката се д-р Анета Бучковска, вонреден професор на Електротехничкиот факултет во Скопје и д-р Коста Сотироски, редовен професор на Економски факултет во Прилеп. Оваа книга е адресирана на студентите, кои комуницираат првенствено со економските законитости и кои имаат потреба да воспостават соодветни врски при решавањето определени проблеми. Збирката е напишана на 360 страници, отчукан текст со нормален проред, а ги опфаќа следниве тематски подрачја, и тоа: Математичка логика, Множества, Функции, Економски функции, Аритметичка и геометриска прогресија, Гранична вредност на низа, Гранична вредност на функција, Изводи, Интервали на монотоност на функција, Екстремни вредности на функција, Практични примери од екстремни вредности, Тек и график на функција, Интеграли,, Парцијални изводи, Екстремни вредности на функција со две променливи, Двојни интеграли, Матрици и детерминанти, Комбинаторика, Биномна формула, Веројатност, Сложена интересна сметка, Влогови и Заеми. Во збирката (за секој дел) има теоретско објаснување за основните поими и математички изрази и нивната примена во економијата. Книгата е резултат на настојувањата на авторите да воспостават логична поврзаност и оптимален соодност меѓу теоретските аспекти на математиката и нејзината практична примена во економијата.

Промените во наставната програма по предметот математика за економисти ја наметнаа потребата од изготвување учебно помагало. Оттука, беше направен напор материјата во трудот да биде презентирана на што е можно поедноставен начин, преку практични примери, за да може да се согледа дека математиката треба да се изучува не само поради збогатување на математичките знаења, туку едновремено и за нејзино користење при решавање проблеми од економската теорија и практика.

Учебното помагало „Финансиска и актуарска математика-збирка решени задачи“ е наменето, пред се, за студентите од Економски факултет-Прилеп, како и на сите оние кои

ги користат математичките и актуарските методи, како во теоријата, така и во практиката. Рецензенти на збирката се д-р Коста Сотироски, редовен професор на Економски факултет во Прилеп и д-р Ѓорѓи Манчески, вонреден професор на Економски факултет во Прилеп. Збирката содржи два основни дела, и тоа: Финансиска математика и Актуарска математика, што во себе инкорпорираат повеќе модули. Во првиот дел се опфатени следниве модули: Процентна и промилна сметка и нивна примена, Долгорочните финансиски операции и Амортизацијата на различните видови заеми. Во првиот модул посебно се обработени: каматната сметка, терминската сметка, како и есконтирањето на меници. Во вториот модул се обработени факторот на акумулација (со примена на релативна или конформна интересна стапка) и различните видови влогови (случаи кога вложувањето е почесто или поретко од вкаматувањето). Во третиот модул се обработени заемите што се отплаќаат со еднакви ануитети, заемите што се отплаќаат со заокружени ануитети и заемите чиишто отплати растат или опаѓаат според некој математички закон. Во секој модул се дадени математичките изрази што се применуваат. Авторите во оваа збирка ги применуваат методите на финансиската математика: дисконтна, ануитетна, методот на интерна стапка за да се даде финансиска оценка како на набавката, така и на пласманот на финансиските средства. Овие методи ќе помогнат за рационално донесување одлука дали расположливите средства да се вложат во банка или да се инвестираат. Во делот од актуарска математика се обработени следниве модули: осигурување на живот, осигурување со еднократна премија-миза, осигурување со уплата на годишна премија и премиска (математичка) резерва. Во овој дел се обработени математичките основи на осигурувањето на живот и обврските меѓу осигурениците и осигурителните компании.

Оттука може да се констатира дека се работи за квалитетни трудови што имаат едукативна и научна вредност.

## 3. Констатација и предлог

Врз основа на биографските податоци, наставно-научната активност, останатите активности и презентираната книга на кандидатката проф. д-р Маргарита Јанеска, Комисијата го констатира следново:

1. се работи за солидна и трудољубива кандидатка којашто со покажаните резултати, уште од дипломските, постдипломските студии, изработката на магистерскиот труд и докторската дисертација, се определила за универзитетски научен работник, поминувајќи ги законски редоследно сите звања на еден универзитетски работник, започнувајќи од помлад асистент и тн.;
2. наставно-педагошката активност на кандидатката, М. Јанеска, исто така, е за одбележување. Како наставник и педагог таа, на достапен и разбирлив начин, им ги пренесува своите знаења на студентите. Таа редовно, педантно и коректно ги исполнува наставно-педагошките обврски со еден темелен, систематичен и креативен пристап во работата и коректно соработува со другите наставници и соработници.

Имајќи ја предвид обемната научна, стручна и наставно-педагошка активност на кандидатката, Рецензентската комисија е едногласна во оценката дека д-р Маргарита Јанеска ги исполнува сите законски услови, предвидени со Законот за високото

образование и, токму затоа, има чест на Сенатот на Универзитетот „Св. Климент Охридски" од Битола да му предложи д-р Маргарита Јаневска да ја избере за наставник по предметот финансиска и актуарска математика во звање редовен професор.

Лектура,
Анкица Стојаноска, лектор

Членови на Рецензентската комисија:

1. Д-р Коста Сотироски, ред. проф. на ЕФ-Прилеп, с.р.
2. Д-р Лазар Стојаноски, ред. проф. на ЕФ-Прилеп, с.р.
3. Д-р Гордана Трајкоска, ред. проф. на ЕФ-Прилеп, с.р.